ПРОЛЕТ 2008 ◻ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

## *Локални Акциони Планови за Животна средина (ЛЕАП) за подобрување на одржливоста во ЈИЕ*

Соочувајќи се со се поголема сиромаштија, уништување на животната средина и осиромашување на природните ресурси, ослабена економија и мали инвестиции за унапредување на животната средина, потребно е спроведување на програми и акции кои ќе придонесат кон подобрување на состојбата и интервенции во циклусот, како и промовирање на одржливиот развој. Токму ова е главната цел на проектот: "Развивање на Локални акциони планови за животна средина (ЛЕАП)" за подобрување на одржливоста во Југоисточна Европа.

Следните цели предвидуваат специфични активности за постигнување на главната цел:

- Подобрување на планирањето на животната средина;
- Поттикнување и овозможување на инвестиции во животната средина;
- Подобрување на управувањето со животната средина.

Проектот кој во наредните 3 години ќе го спроведува Регионалниот Центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа- Канцеларија во Македонија во шест општини во Република Македонија со доделување на неповратни средства (грантови) е финансиски поддржана од Шведската Влада преку Шведската Агенција за Меѓународен Развој и Соработка (Sida)

*продолжува на стр. 6*

ОБУКИ ЗА РАКУВАЊЕ СО МЕДИЦИНСКИ ОТПАД *стр.* 3

SECTOR - НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА *стр.* 4

ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА *стр.* 6

ЗЕЛЕН ПАКЕТ- ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО РМ *стр.* 9

НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (НЕИС) *стр.* 10

# СОВЕТОДАВНА ГРУПА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И МОНИТОРИНГ ЗА СКОПСКАТА ОБИКОЛНИЦА ( ЕМАГ )

Во периодот од 5-6 март 2008 год. Советодавната Група за Животна Средина и Мониторинг за Скопската Обиколница (ЕМАГ) го одржа својот десетти квартален состанок и инспекција на терен. Како што веќе пишувавме во претходните броеви ЕМАГ се состанува на секои три месеци во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија која и дава логистичка поддршка во спроведувањето на своите активности за проценка на спроведувањето и ефикасноста на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и мониторингот од изградбата на западната секција од проектот Скопска Обиколница Фаза 2, финансиран од Европската Банка за Обнова и Развој (EBRD). За време на овие состаноци беа дискутирани повеќе прашања од кои ќе издвоиме неколку:

- *Спроведување на мерките за намалување на влијание врз животната средина од планот за управување со животната средина за време на изградбата* - откако ќе се постави третиот слој на асфалт при крајот на месец март ќе се направи уште едно мерење на емисиите од асфалтната база од страна на изведувачот ТЕРНА.

Исто така се спроведуваат мерките за заштита на речното корито на реката Лепенец, процесот на поставување на звучните ѕидови е исто така започнат. Поставувањето на геомат и хидрозасејувањето е процес кој интезивно се реализира по должина на целата траса, како и ревегетацијата на депониите.

- *Подготовка на планот за спречување на загадувањето од инциденти за оперативниот период*. За да се изготви ваков план ЕМАГ формираше работна група составена од претставници на владините институции кои имаат надлежности во случај на вакви инциденти. Оваа група ќе работи на дефинирање на институционалните капацитети, законската регулатива во врска со инциденти кои би можеле да се случат при транспортот, односно превозот кој ќе се одвива на овој дел од обиколницата. Се очекува до наредниот состанок, мониторот, локалниот експерт и сите вклучени институции да ја дефинираат формата и одговорностите на институциите за планот за итен одговор во случај на инциденти.

За повеќе информации, можете да ја контактирате Канцеларијата на РЕЦ во Македониија, или да ја посетите веб страната: www.rec.org.mk, која ги содржи сите записници од состаноците и посетите на терен.



Градежна механизација при изградба на обиколницата

Лице за контакт:
**Марина Орцанова**
*Технички секретар*
marina@rec.org.mk

**Издава:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа Канцеларија во Македонија
**Одговорно Лице:**
Катарина Стојковска
**Техничка подготовка:**
Дејан Ковачевиќ
**Лектура:** Марина Орцанова
**Печати:** ТОТЕМ
**Тираж:** 250 примероци

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**

The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel. +36 26 504 000;Fax. +36 36 311 294 e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа
Канцеларија во Македонија
ул. Илинденска бр. 118
1000 Скопје
Тел: 02 3090 135, 3090 136
Факс: 02 3088 193
e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

# ОБУКИ ЗА РАКУВАЊЕ СО МЕДИЦИНСКИ ОТПАД

Во март 2007 година Регионалниот центар за заштита на животна средина, Канцеларија во Македонија започна со спроведување на проектот "Обуки за ракување со медицински отпад". Проектот имаше за цел да ги подобри практиките на ракување со медицинскиот отпад во болниците и другите здравствени институции и воедно да го промовира пред крајните корисници "Правилникот за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад" во кој влегува и медицинскиот отпад.

Во рамките на проектот беа предвидени и одржани четири дводневни обуки на тема "*Ракување со медицински отпад - законски барања, искуства и добри практики*", на кои беа поканети голем број релевантни здравствени работници од здравствените институции во Републиката.

Целната група на буките беше медицинскиот персонал во медицинските установи кој директно ракува со медицинскиот отпад. Материјалите на обуките беа презентирани низ упатства и практични примери што придонесува кон приближување на законската материја до оние што се задолжени за нејзината примена. На обуките беа работени следните теми:

- Европско законодавство за ракување со медицински отпад;
- Национално законодавство за ракување со медицински отпад
- Примери и добри практики за ракување со медицински отпад;
- Опасности од несоодветно ракување со медицински отпад;
- Селектирање на медицински отпад;
- Правилник за формата и содржината на дневникот за евиденција и постапување со отпад.

Првата обука се одржа во термин 26-28 ноември, втората 17- 19 декември, 2007 година, а третата 5-7 февруари, 2008 година.Четвртата обука беше дополнително организирана за вработените во Републичкиот санитарен инспекторат, чија задача е да го следат ракувањето со медицинскиот отпад и да реагираат на евентуалните недоследности од страна на медицинските установи. Оваа обука се одржа на почеток на март 2008 година.



Обука за инспектори од Државниот Здравствен и санитарен инспекторат

Вкупно во рамките на проектот беа обучени околу 180 лица а исто така се изработи и Анализа на состојбите со медициснкиот отпад во земјата која што содржи одредени препораки за подобрување на истата со воведување на добри практики на управување со медицинскиот отпад.

Проектот траеше една година од март 2007 до март 2008 година, негови крајни корисници се Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за здравство а средствата беа обезбедени од DEFRA програмата на Британската Влада преку Британската Амбасада во Скопје.

Лице за контакт:
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на проекти*
kornelija@rec.org.mk

# SECTOR - НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА КОМПОНЕНТА 1

Успешната соработка на РЕЦ и невладиниот сектор продолжува со интензивни активности во рамките на програмата СЕЦТОР за поддршка на граѓанските здруженија од областа на животната средина.

Како што веќе пишувавме во минатите броеви на билтенот, РЕЦ има за цел преку оваа програма, да помогне во зајакнувањето на внатрешните капацитети на одредени Граѓански здруженија (ГЗ) во сите земји на ЈИЕ со намера да ја зајакне нивната моќ и успешност нудејќи помош во вид на:

- (потпомогнат) процес на самооценување;
- помош за изготвување план за развој на организацијата; и
- за избраните ГЗ, мал грант за делумна реализација на тој план.

Како дел од SECTOR програмата е компонентата за организациска способнот за поддршка на ГЗ од областа на животната средина.

Како и повеќе проекти претходно, SECTOR програмата се реализира со несебичната помош на Шведската Агенција за Меѓународен Развој и Соработка (Sida).

**Оваа компонента започна со:**

**Фаза на пријавување:** Во оваа фаза се пријавија вкупно 15 ГЗ кои делуваат на територијата на Република Македонија. На состанокот кој на 20 февруари 2008 год. се одржа во просториите на Канцеларијата на РЕЦ, а на кој присуствуваше претставник од Главната Канцеларија во Унгарија, беа селектирани 10 Граѓански здруженија:

| |
|---|
| Иницијатива на невработени интелектуалци - Виница |
| Еколошко друштво ВИЛА ЗОРА - Велес |
| Балкански центар за соработка - Скопје |
| Здружение за граѓанска иницијатива Хоризонти - Злетово |
| Македонско еколошко друштво - Скопје |
| Регионален центар за застапување - Делчево |
| Здружение на граѓани РЕКА - Кратово |
| Центар за оддржлив развој на заедниците - Дебар |
| Организација на жените на општина- Свети Николе |
| Новинари за права на жената и децата и заштита на животна средина - Скопје |

Истовремено со повикот за ГЗ беше објавен и повикот за тренери/фацилитатори. На овој повик се пријавија вкупно 8 лица. По процесот на селекција, РЕЦ обучи 6 локални фацилитатори за користење на алатката за самооценување како и бизнис планирање, кои потоа ќе бидат во можност да им помагаат на ГЗ во сите фази на процесот.



Обука на тренерите



Користење на алатките за самооценување

**Фаза на самооценување:** Секое избрано ГЗ ќе мине низ процесот на самооценување по пат на дискусија која ќе се одвива во рамките на една работилница со помош на фацилитаторите обучени од страна на РЕЦ. Оваа фаза може да трае од неколку часа до неколку денови во зависност од капацитетот на ГЗ да ги заврши сите фази од самооценувањето и ќе се одвива во просториите на ГЗ.

**Фаза на подготовка на план за развој:** Секое избрано ГЗ со помош на фацилитаторот ќе изготви план за развој чија цел ќе биде долгорочниот континуитет во работењето на здружението и ќе се базира на наодите од оценувањето. Секое здружение ќе има на располагање одреден временски период (неколку недели) за изготвување на планот за развој. Овој процес ќе биде потпомогнат и од фацилитаторите и од материјалите на ОАТ, кои донесуваат идеи преку предлогсценарија за развој како и разни корисни модели. Плановите за развој ќе бидат временски прецизирани и ќе имаат кратко-, средно- и долгорочно сценарио, инвестициски потреби и трошоци.

**Фаза на селекција на плановите за развој:** Во оваа фаза, заинтересираните ГЗ, кои ги комплетирале своите планови за развој, истите ќе ги достават до тимот на ОАТ при РЕЦ. Потоа тимот за поддршка на невладини организации при РЕЦ ќе препорача кои од нив треба понатаму да бидат поддржани со грант за организациска способност. Грантот за организациска способност ќе варира во зависност од приоритетите кои се наведени во планот за развој и може да достигне до 5,000 Евра.

**Фаза на спроведување на планот за развој:** Во крајната фаза, селектираните ГЗ ќе добијат грант за организациска способност, дополнителна поддршка за изградба на капацитети, како и мониторинг и проценa. Оваа фаза може да трае до 18 месеци, а тимот на ОАТ непосредно ќе ја следи реализацијата на плановите за развој и ќе им помага на ГЗ низ процесот на реализација.

Лице за контакт:
**Валентина Петрушевска**
*Асистент на проекти*
valentina@rec.org.mk

# *ЛОКАЛНИ АКЦИОНИ ПЛАНОВИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ЛЕАП) ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВОСТА ВО ЈИЕ*

По успешната подготовка и спроведување на 6 Локални акциони планови за животна средина (ЛЕАП) во 6 општини во Република Македонија, Канцеларијата на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) ги продолжува своите активности со успешно применување на Методологијата за развивање на ЛЕАП и веќе започна со спроведување на проект за развивање на ЛЕАПи за нови 6 општини во Р. Македонија. Оваа програма за доделување неповратни средства (грантови) е финансиски поддржана од Шведската Влада преку Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Sida).
Главната цел на овој проект е намалување на сиромаштијата во Југоисточна Европа преку интервенции во циклусот: осиромашување на природните ресурси/ деградација на животната средина - ослабена економија - зголемена сиромаштија. Следните цели предвидуваат специфични активности за постигнување на главната цел:

- Подобрување на планирањето на животната средина;
- Поттикнување и овозможување на инвестиции во животната средина;
- Подобрување на управувањето со животната средина.

Проектот ќе биде спроведуван во период од 3 години и тоа од ноември 2007 год. до октомври 2010 год.

***Активности***

Активностите во проектот се групирани во 3 компоненти:

- ***Компонента 1:*** Финансиска поддршка за развивање на ЛЕАПи;
- ***Компонента 2:*** Финансиска поддршка за спроведување на ЛЕАПи;
- ***Компонента 3:*** Регионална размена за развивање и спроведување на ЛЕАПи во Федерацијата Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Косово (како што е дефинирано според UNSCR 1244).

Накратко ќе го објасниме процесот на селекција на општините:

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија објавува конкурс за избор на шест општини кои ќе бидат корисници на оваа програма.
За да може да се аплицира за развивање на ЛЕАП треба да се задоволат следните минимални услови:

- Подносител мора да биде единица на Локална Самоуправа (претставувана од Градоначалник) со усвоена иницијатива за развивање на ЛЕАП од страна на Советот на општината;
- Подносителот мора да има потпишано Изјава за соработка со минимум една Невладина организација (НВО), која работи на темите од областа на животната средина во нивната општина; Покрај НВО, подносителот може да потпише изјава за соработка и со други организации и институции во општината;
- Подносителот, заедно со партнерските организации, мора да обезбеди учество во процесот на изработка на ЛЕАП од минимум 50% од сумата која е побарана од РЕЦ.
- Подносителот треба да покаже спремност дека по завршување на процесот на изработка на ЛЕАП, ќе учествува во програмата за спроведување на одредени активности од ЛЕАП документот. Во рамките на програмата за спроведување на одредени активности од ЛЕАП, обезбедени се до 50,000 ЕУР (за поголемите општини) и до 45,000 ЕУР (за помалите општини). За истата, подносителот ќе мора да обезбеди сопствено учество од минимум 50% од сумата која ќе ја побара од РЕЦ.

Краен рок за доставување на пријавите беше 29 февруари 2008 год. До овој рок, добивме вкупно 30 пријави.

Максималниот износ на неповратни средства кои ќе се доделат во првата компонента (изработка на ЛЕАПи) по општина изнесува 7,000 Евра (за поголемите општини) и 5,000 Евра (за помалите општини). Програмата предвидува селекција на 6 општини (4 помали и 2 поголеми)

**ПОМАЛИ** општини се оние кои имаат бројност на жители **до 15,000** во рамките на нивната територија.

**ПОГОЛЕМИ** општини се оние кои имаат бројност на жители **над 15,000** во рамките на нивната територија.

За подобро информирање на јавноста важно е да спомeнеме и за:

***Ограничувања***

- Со средствата што ќе ги додели РЕЦ не смее да се финансира купување на земјиште, станбен или деловен простор, ниту возила.
- Проектот не смее да трае подолго од 12 месеци, а неговата реализација мора да започне во рок од 1 месец од донесувањето на одлуката за доделување на грантот (април 2008 год.).
- Процесот на селекција продолжува со оценување на пријавите.

Локалниот Советодавен Одбор на РЕЦ за оценување на поднесените документи од проектот Развој на Локални акциони планови за животна средина (ЛЕАП) за подобрување на одржливоста во ЈИЕ се состана на 26 март 2008 година.

Составот на членовите на Локалниот Советодавен Одбор е балансиран во смисла на географска дистрибуција, експертиза, едукативна и професионална основа. Дополнително, во овој проект, во процесот на селекција, учествуваше и претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање како полноправен член на Локалниот Советодавен Одбор. Претседавач на ЛСО е Директорот на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија. Исто така претставник од Sida, како набљудувач, учествуваше во процесот на селектирање на шесте општини.



Состанок на локалниот советодавен одбор

## ***Општини кои беа одбрани за доделување финансиска помош се:***

***Поголеми општини***

1. *Општина Пробиштип*
2. *Општина Дебар*

***Помали општини***

1. *Општина Зелениково*
2. *Општина Чашка*
3. *Општина Босилово*
4. *Општина Валандово*

Во наредниот број ќе ве запознаеме со отпочнувањето на работата на развивање на ЛЕАП документи во општините корисднички и останатите активности.

Лице за контакт:
**Валентина Петрушевска**
*Асистент на проекти*
valentina@rec.org.mk

## КОН ЧИСТИ ГОРИВА И ВОЗИЛА

УНЕП финансира проект за отстранување на оловниот бензин во Република Македонија и за усогласување со новите стандарди за квалитет на горивата што произлегуваат од последниот Правилник што ја регулира оваа област, а го што донесува Министерството за економија.

За потребите на проектот се формираше Работна група во која членуваат претставници на Минситерството за економија, животна средина и просторно планирање, финансии (Бирото за стокови резерви) Сојузот на возачи, Авто-мото сојузот, ОКТА и Макпетрол. Работната група одржа неколку состаноци и отвори бројни прасања од обласа на постапната замена на горива кои содржат субстанци чии што концентрации во издувните гасови предизвикуваат загадување на воздухот. На состаноците најчесто се разговараше за можноста да се потрошат залихите на оловен бензин пред 30ти јуни 2009 год. кој што рок е утврден со Правилникот. Исто така работната група послужи како платформа за размена на информации и координирање на активностите на многу чинители. Меѓутоа, резултатите од работната група сеуште не се такви што може да се каже дека идеите за подобрување на процедурите и почитување на законските одредби што се искажаа на состаноците можат да заживеат веднаш. Од тие прицини, работната група побара од РЕЦ да ангажира меѓународен експерт со искуство од оваа област, со цел да разработи акционен план за сите инволвирани страни, а со цел утврдување на реални рокови и методи за усогласување со ЕУ стандардите за квалитет на горивата.

РЕЦ со помош на УНЕП стапи во контакт со афирмиран меѓународен експерт кој ке престојува и работи на овој проект на крајот на месец јули.

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
*Раководител на проекти*
ana@rec.org.mk

## ИЗРАБОТКА НА ПРЕД-ФИЗИБИЛИТИ СТУДИИ ЗА СТРУМИЧКО-РАДОВИШКИОТ И ПОЛОШКИОТ РЕГИОН

Во ноември 2007 г. Регионалниот центар за заштита на животната средина, Канцеларија во Македонија, започна со спроведување на проектот „Изработка на пред-физибилити студии за интегрирано управување со отпад во Струмичко-радовишкиот и Полошкиот регион".

Во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија, Македонија мора да развие соодветна инфраструктура за правилен третман на отпадот. Стратегијата за отпад како и Националниот план на управување со отпадот специфицираат точно одредени региони кои што ќе треба да развијат регионални решенија за управување со отпадот. Целта на овој проект е да се одговори на овие предизвици и да се воведе концептот на интегрирано управување со отпадот во два региони во републикава, југоисточниот регион (Струмичко-Радовишки) и Полошкиот регион.

Со цел регионалниот концепт да се приближи до директните учесници во декември 2007г, во просториите на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија се одржаа првите средби на општествените чинители на кои што присуствуваа претставници од општините и од јавните комунални претпријатија и тоа со претставници на Струмичко-радовишкиот регион на 10 декември и на Полошкиот регион на 11 декември, 2007г.

По иницијалните средби во 2007г. уште по една работилница беше одржана во февруари 2008г. на која што учесниците се започнаа подетално не само со активностите на проектот туку и со понатамошните форми на соработка со тимот за спроведување на проектот, во смисла на обезбедување на податоци потребни за изработка на пред-физибилити студиите за двата региона.

Средствата за изработка на пред-физибилити студиите за интегрирано управување со отпад во Струмичко-радовишкиот и Полошкиот регион се добиени од Норвешката Влада. За сите дополнителни информации во врска со проектот и со можете да се обратите во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија.

Лице за контакт:
**Корнелика Радовановиќ**
*Раководител на проекти*
kornelija@rec.org.mk

# ЗЕЛЕН ПАКЕТ - ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Активностите на проектот “Зелен Пакет“ - еколошко образование за одржлив развој за основните училишта во Република Македонија“, навлегуваат во завршната фаза во последната година од спроведувањето на проектот. Се работи на финалната верзија на македонскиот Зелен Пакет и се предвидува дека пекетот ќе биде испечатен и спремен за употреба до крајот на август оваа година.

Освен прирачникот за наставници и останатите печатени материјали како што е “дилема“ играта пакетот содржи и ЦД Ром кој за прв пат е три јазичен, односно содржините се дадени на македонски, албански и англиски јазик и ДВД колекција од 32 филма од кои 3 се посебно создадени за потребите на пакетот. Тоа се филмовите за јагулата, охридската пастрмка и моликата. Исто така уште два филма со тема одржлив развој од кои едниот ја опишува агонијата на Дојранското езеро а другиот загадувањето на реката Вардар, филмовите “Воскресение“ и “Мишко“ се обезбедени во филмската колекција на Македонската телевизија, како и туристичката понуда на Македонија, дадена преку 20 минутната репортажа “Ден во Македонија“ обезбедена од советот за Радиодифузија. Овие едукативни филмови не само што ќе им обезбедат на децата информации за најголемите богатства на нашата земја, туку ќе им ги претстават и заканите за животната средина и промените што настануваат со нашето невнимателно однесување.

Зелениот пакет ќе се дистрибура по училиштата на обуката за наставниците предвидена во август 2008 година и со тоа ќе се овозможи негова примена со започнувањето на новата учебна година.

Проектот трае до крај на септември, 2008г. Дректни корисници на проектот се Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука во Република Македонија, а имплементирачка агенција на проектот е Регионалниот центар за заштита на животна средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) - Канцеларија во







Македонија. Донатор на проектот е Австриската Влада преку Austrian Development Cooperation.

За сите дополнителни информации во врска со проектот можете да се обратите во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија или во Канцеларијата за комуникација со јавност при Министерството за животна средина и просторно планирање.

Лице за контакт:
**Корнелија Радовановиќ**
*Раководител на проекти*
kornelija@rec.org.mk

## НАЦИОНАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (НЕИС)

Во периодот февуари-март 2008 проектната единица во состав на Националната стратегија за инвестиции во животната средина произведе листи на стратешки документи и идентификуваше листи на проекти согласно националните стратегии. Покрај листите, беа идентификувани и поголемите бариери што спречуваат поинтензивно спроведување на иннвестициски проекти во секторот животна средина.

Со цел да се дополнат листите и потврдат наодите околу институционалните и финансиските проблеми, беа одржани 8 регионални работилници (плански региони, согласно Законот за рамномерен регионален развој, во периодот 11.02-29.02.2008г). Како составен дел од организацијата на работилниците беше анкета при што се изработија прашалници со цел собирање што повеќе податоци за тековните и планираните инвестиции во животната средина на локално ниво.

Во прашалниците, а потоа и во текот на одржувањето на работилниците беа покриени следните сектори: вода, отпад (вклучително контаминирано земјиште / историски индустриски жаришта), воздух, енергија и природа.

***Прашалниците беа структурирани на следниот начин:***

- Генерални статистички информации;
- Искуства со инвестиции за дадените сектори;
- Бариери / проблеми при спроведување на инвестициите;
- Човечки капацитети на општините за управување со животната средина;
- Локални политики за инвестирање во животната средина (ЛЕАП, Локални развојни планови итн.);
- Потенцијал за задолжување;
- Заинтересираност за вклучување на приватниот сектор;
- Приходи од казни изречени/наплатени во секторите на животната среидна (отпад, вода, индустриско загадување итн.);
- Планирани краткорочни инвестиции според сектори;
- Планирани среднорочни инвестиции според сектори.

Општините различно се отповикаа на оваа активност. Во следната табела може да се согледа одзивот по региони:

Преглед по региони:

| НУТС 3 Региони | Број на општини што добиле прашалник | Опстини што одговориле на Прашалникот |
|---|---|---|
| Скопје | 18 | 10 |
| Пелагонија | 9 | 8 |
| Вардар | 7 | 4 |
| Полог | 9 | 5 |
| Источен | 13 | 11 |
| Североисточен | 6 | 4 |
| Југоисточен | 10 | 8 |
| Југозападен Вкупно | 13 | 10 |
| **Вкупно** | **85** | **60** |

Тешко е да бидат посочени специфични примери, но можно е да се направи генерална разлика помеѓу урбаните и руралните општини во однос на нивниот одзив и соработка со проектниот тим. Имено, во повеќето случаи, руралните општини одговараа на време и покажаа поголем интерес за успешно спроведување на активноста. Комплетноста и конзистентноста на одговорите исто така беше релативно подобра кај руралните општини. Урбаните општини, помеѓу кои Скопје може да се издвои како карактеристичен пример, ги доставија нивните одговори задоцнето, усогласувањето помеѓу одговорите што беа дадени од различни општински сектори не беа конзистентни, додека нумеричките податоци во повеќето случаи беа несоодветно пресметувани. Како заклучок, уште еднаш се потврди дека координацијата помеѓу различни сектори / одделенија во рамките на една институција (во случајот општинска администрација) е несоодветна, додека управувањето со базите на податоци речиси и да не постои.

На работилниците локалните претставници беа најмногу заинтересирани за секторите вода и отпад. Консултантите што ги водеа тематски дефинираните работни групи имаа за цел, покрај другото, да помогнат околу идентификување на проекти од останатите сектори. Покрај другото, дискусиите имаа за цел да влијаат на локалните перцепции во однос на идентификувањето на проблемите во животната средина во перспективата на нивното регионално влијание, со цел да се изврши групирање на помали локално идентификувани проекти во поголеми регионални инвестициони циклуси.

Резултатите од работилниците беа главно позитивни, бидејќи се проговори за потребата од континуирано планирање на инвестициските циклуси во животната средина на техничко ниво. Меѓутоа, како генерален заклучок провејуваше загриженоста на општинските претставници дека после одржувањето на вакви средби, праксата продолжува, заради недоволната свест на повисокото ниво на носители на одлуки за потребата од радикални промени.

Лице за контакт:
**Ана Петровска**
*Раководител на проекти*
ana@rec.org.mk

# РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЗА ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА - КАНЦЕЛАРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА

## Претставување

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Турција, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

## Стратегија

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.





РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА
НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
*за Централна и Источна Европа*
Канцеларија во Македонија

ул. "Илинденска" бр. 118
1000 Скопје

телефон: (02) 3090 135
(02) 3090 136
факс: (02) 3088 193

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*